Врз основа на член 45, став 8 од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04 и 71/04), министерот за животна средина и просторно планирање пропишува

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОЗВОЛАТА ЗА СОБИРАЊЕ И ЗА ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГИТЕ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД, КАКО И МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГИ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на барањето, формата и содржината на дозволата за собирање и за транспортирање на комунален и другите видови на неопасен отпад, како и минималните технички услови за вршење на дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад.

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА

### Член 2

(1) Формата на барањето за издавање на дозвола за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад е во формат А-4 во бела боја.

(2) Содржината на барањето за издавање на дозвола за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад е дадена на Образец СТ- Прилог бр. 1 на овој правилник и е негов составен дел.

### Член 3

(1) Со барањето за издавање на дозвола за вршење на дејноста собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад се приложува и следната документација:

- решение за упис во трговскиот регистар со сите прилози (образец 1 до 7);
- статут на барателот;
- доказ за правото на сопственост или правото на користење врз основните средства со кои ја врши дејноста;
- потврда за бонитет на барателот издадена од страна на Централниот регистар на Република Македонија;
- уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки пропишани со закон;
- финансиски извештаи изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди за последните три години, со извештаи од овластен ревизор за извршената ревизија ако обврската за ревизија е утврдена со закон, а за ново формирано претпријатие доказ за извори на финансиски средства потребни за вршење на дејноста;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
- изјава дека барателот во своите интерни пресметки ќе води одвоена евиденција за секоја од дејностите што ги врши и дека ќе изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, во согласност со сметко-

водствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието, како и консолидирани финансиски извештаи доколку барателот врши две или повеќе дејности од јавен интерес;

- потврда дека против барателот, како и лицето овластено за претставување и застапување на барателот, со правосилна судска одлука не е изречена мерка за безбедност, забрана за вршење на определена дејност или забрана за вршење професија, дејност или должност за сторен прекршок и не е осуден за сторено кривично дело;
- записници од последните извршени инспекциски надзори од страна на надлежните инспекциски органи;
- доказ за поседување на најмалку две специјализирани возила за собирање и транспортирање на отпад согласно член 5 од овој правилник;
- потврда за исполнетост на техничките барања од членот 6 на овој правилник, за специјалната опрема од возилата, издадена од институција овластена за испитување согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за испитување на возила на моторен погон и приклучни возила(„Службен весник на РМ" бр. 68/93);
- изјава за веродостојноста на барањето, дадените податоци и на документацијата, потпишана од лицето овластено за застапување и претставување на барателот.

(2) Содржината на изјавата за веродостојноста на барањето е дадена на образец - Прилог бр. 2 на овој правилник и е негов составен дел.

(3) Барањето за издавање на дозвола за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад се поднесува во три примерока во писмена форма од кои документацијата од еднiот примерок на Барањето за издавање на дозвола треба да биде оригинал или фотокопија на оригиналот заверена од нотар, додека останатите два примероци можат да бидат фотокопија на оригиналот или на фотокопиите заверени од нотар, заверени од барателот.

(4) Барањето треба да биде потпишано од лицето овластено за застапување и претставување на барателот и заверено со печат на барателот.

## III. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ДОЗВОЛАТА

### Член 4

(1) Дозволата за собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад се издава на специјална конздрук хартија со димензии во формат А - 4 во бела боја.

(2) Дозволата за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад содржи:

- грбот на Република Македонија со натпис Република Македонија кој се наоѓа над грбот и натпис Министерство за животна средина и просторно планирање кој се наоѓа под грбот поставени во централна позиција;
- бројот на решението за издавање на дозволата,
- името и седиштето на носителот на дозволата;
- име на дејноста која ќе се врши врз основа на дозволата;
- датум кога е издадена и датум до кога важи дозволата;
- евидентен број на издадената дозвола;
- матичен број на носителот на дозволата;
- даночен број на носителот на дозволата; и
- печат на Министерството за животна средина и просторно планирање и потпис на овластеното лице.

(3) Дозволата за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад е дадена на образец - Прилог бр.3 на овој правилник и е негов составен дел.

## IV. МИНИМАЛНО ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА

### IV.1 Техничка опременост, средства и опрема за вршење на дејноста

Член 5

(1) Собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад се врши со специјализирани моторни возила кои што обезбедуваат сигурен и безбеден транспорт на отпадот од местото на неговото собирање до местото на неговата крајна испорака, односно до инсталациите за третман, преработка, складирање или отстранување на отпад.

(2) Правните и физичките лица кои што вршат дејност собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да обезбедат најмалку две специјализирани возила за собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад согласно став 1 од овој член.

Член 6

(1) Моторните и приклучните возила кои се користат како средства за собирање и транспортирање на отпад треба да имаат исправни уреди и опрема и да ги исполнуваат важечките барања и стандарди за димензиите, вкупните маси и осното оптоварување на возилата и за основните услови кои мораат да ги исполнуваат уредите и опремата на возилата во сообраќај на патиштата.

(2) Моторните и приклучните возила кои се користат како средства за собирање и транспортирање на отпад треба редовно да се одржуваат во исправна состојба.

Член 7

(1) Возилата за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да бидат соодветно обележани за да може јасно да се види нивната намена и вршителот на јавната услуга.

(2) На бочните страни на возилата треба на воочлив начин да биде напишано назив на претпријатието, со контакт адреса и телефон, а под него да стои намената на возилото „ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД”.

(3) Натписот на назив на претпријатието треба да биде со димензии најмалку 20 х 30 цм, како и димензиите на натписот „ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД”.

Член 8

(1) Возилото за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да овозможи натоварениот отпад да биде безбеден за транспорт, односно возилото да има соодветен простор каде што е натоварен отпадот и истиот да не се расфрла или да не протекува за време на транспортот, а селективно собраниот отпад да не се меша.

(2) Возилото за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да обезбеди и соодветен простор за сместување на работниците кои што вршат собирање и товарење на комуналниот и на другите видови неопасен отпад во возилото.

Член 9

(1) Составен дел на опремата на возилата се и средствата за собирање на расфрлен отпад надвор од садовите за собирање на отпад.

Член 10

(1) Работниците коишто вршат собирање на комуналниот и на другите видови на неопасен отпад и/или празнење на садовите за собирање на отпадот во возилото за транспорт треба на себе да носат заштитни средства и опрема согласно прописите за заштита при работа.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен весник на Република Македонија″.

Бр. 07-5767
26 декември 2005 година
Скопје

Министер,
д-р **Зоран Шапуриќ,** с.р.

ПРИЛОГ бр. 1

**ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГИ ВИДОВИ НЕОПАСЕН ОТПАД**

Образец - СТ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

# БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГИ ВИДОВИ НЕОПАСЕН ОТПАД

**ОПШТИ УПАТСТВА ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ:**

- Барањето за издавање на дозвола се пополнува електронски на компјутер, на машина за пишување или со сино пенкало;
- Сите глави од Барањето за издавање на дозвола (I, II, III, IV, V, VI, VII и VIII) вклучувајќи ги и табелите треба да бидат пополнети од страна на барателот и заедно со потребната документација да се поднесат до Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Доколку Барањето за издавање на дозвола го пополнувате на компјутер, одговорите впишете ги во сивите полиња и квадрати. (Движењето по полињата се прави со притискање на Tab ⇆ командата од тастатурата или со притискање на курсорот, односно со двоен клик за пополнување на квадратите);

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ

| 1. Име на Барателот (фирма) | 1.1 Скратен назив (фирма) на Барателот |
|---|---|
| | |

**2. Седиште на Барателот**

| | |
|---|---|
| Улица: | Телефон: |
| Број: | Телефакс: |
| Општина: | Е-пошта (e-mail): |
| Место: | |
| Држава: | |

**3. Форма на организација на Барателот**

☐ Јавно претпријатие
☐ Трговец - поединец
☐ Јавно трговско друштво
☐ Командитно друштво
☐ Командитно друштво со акции
☐ ДОО/ДООЕЛ
☐ Акционерско друштво
☐ Стопанска интересна заедница

**4. Број на деловниот субјект - Барателот**

☐☐☐☐☐☐☐

**5. Број на регистарска влошка**

☐☐☐☐☐☐☐☐☐ - ☐☐ - ☐☐☐ - ☐☐☐

**6. Единствен даночен број (ЕДБ)**

☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

**7. Датум на упис/регистрација**

**8. Број на решение на упис/регистрација**

**9. Име на судот/органот кој го извршил уписот**

**10. Претежна дејност (шифра и назив)**

**11. Систем на управување**

☐ Едностепен ☐ Двостепен ☐ Управител(и)

**12. Акт за основање**

☐ Статут (број, датум)________________ ☐ Изјава (број, датум)________________
☐ Договор (број, датум)________________ ☐ Друго (број, датум)________________

**13. Лица овластени за застапување, орган на управување и орган на надзор (за странските лица број на пасош или лична карта или друга исправа за утврдување на идентитет - важечка во нивната земја или регистарски број за правното лице).**

**13.1 Основни податоци**

Презиме: Име:

ЕМБГ: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

Државјанство:

**13.2 Својство**

**13.3 Адреса**

| | |
|---|---|
| Улица: | Телефон: |
| Број: | Телефакс: |
| Општина: | Е-пошта (e-mail): |
| Место: | |
| Држава: | |

**13.4 Овластување во прометот**

☐ Внатрешен ☐ Неограничено ☐ Ограничено
☐ Надворешно трговски ☐ Неограничено ☐ Ограничено

**14. Број на основачи на друштвото на Барателот**

**15. Подружница**

**15.1 Вкупен број на подружници**

**15.2 Назив на секоја подружница**

**15.3 Адреса на подружницата**

Улица:

Број:

Место:

Општина:

Држава:

**15.4 Претежна дејност на подружницата (шифра и назив)**

**15.5 Лице овластено за застапување на подружницата**

Презиме: Име:

ЕМБГ: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

Државјанство:

**15.6 Адреса на лицето овластено за застапување на подружницата**

| | |
|---|---|
| Улица: | Телефон: |
| Број: | Телефакс: |
| Општина: | Е-пошта (e-mail): |
| Место: | |
| Држава: | |

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ

**1. Дали ги имате подмирено сите јавни давачки пропишани со закон ?**

ДА ☐ НЕ ☐

**2. Дали кон вашето претпријатие е отворена или била отворена постапка за стечај или е отворена постапка за ликвидација?**

ДА ☐ НЕ ☐

**Ако кон вашето претпријатие е отворена или била отворена постапка за стечај, наведете ги причините и периодот.**

**3. Доколку вашето претпријатие врши повеќе дејности од јавен интерес, дали водите финансиска евиденција за секоја дејност пооделно ?**

ДА ☐ НЕ ☐

**4. Дали против претпријатието или против лицето овластено за застапување и преставување на претпријатието е донесена правосилна судска пресуда за прекршок или кривично дело ?**

ДА ☐ НЕ ☐

## III. ОСНОВНИ ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА СРЕДСТВАТА ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА ОТПАД

| Тип на возило | Број на возила | Година на производство | Година на последна регистрација | Капацитет на возилото во м3 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## IV. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИЗАЦИОНАТА И РАКОВОДНАТА СТРУКТУРА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**1. Опис на организационата структура на претпријатието, бројот и квалификациона структура на работниците.**

## V. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**1. Финансиски средства на претпријатието**

| Ред Бр. | Финансиски средства на претпријтието (според последниот финансиски извештај) | Ознака на АОП | Денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Постојани средства | 002 | |
| 2 | Тековни средства | 026 | |
| 3 | Парични средства и хартии од вредност | 046 | |
| 4 | Капитал и резерви | 050 | |
| 5 | Добивка за финансиската година | 061 | |
| 6 | Долгорочни и краткорочни обврски | 067 | |

**2. Воспоставени заложни права и хипотека**

| Ред Бр. | Договор за заложно право или хипотека | Датум на воспоставување на заложното право или хипотека | Рок на важење на заложното право или хипотеката | Предмет на заложното право или хипотеката | Вредност на заложното право или хипотеката |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |

## VI. ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ БАРА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА

| Временски период за кој се бара издвање на дозволата | Планиран почеток на вршење на дејноста | Планиран истек на важењето на дозволата |
|---|---|---|
| | | |

## ИМЕ, ПРЕЗИМЕ И ПОТПИС НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ

**Датум и место:**

**М.П**

ПРИЛОГ бр. 2

## ИЗЈАВА ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

1. Јас долу потпишаниот, изјавувам под кривична, материјална, и морална одговорност дека материјалните и финансиските податоци презентирани во прилог на барањето за издавање на дозвола, доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање, а кои се однесуваат на претпријатието, се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на барателот.

| | |
|---|---|
| Назив на претпријатието: | |
| Име и презиме на одговорното лице: | |

Датум: Место:

М.П

Потпис на одговорното лице:

ПРИЛОГ бр. 3

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за вршење на дејноста собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад поднесено од страна на _______ на ден 00.00.200_ година донесе Решение бр.___ за издавање на

# Д О З В О Л А

## ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН И ДРУГИ ВИДОВИ НА НЕОПАСЕН ОТПАД

- Носител на дозволата
- Седиште
- Матичен број
- Даночен број
- Евидентен број на дозволата
- Датум на издавање на дозволата
- Важење на дозволата до

**М.П** **МИНИСТЕР**